превземено од w w w . p r a v o . o r g . m k

# ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ МЕЃУНАРОДНОТО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ ПО ДОГОВОРОТ ЗА КРЕДИТ ПО ПРОЕКТОТ ЗА САНАЦИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

**Сл. Весник на Р.Македонија бр. 50/97 од 03.10.1997 година**

## Член 1

Република Македонија се задолжува кај Меѓународното здружение за развој со кредит во износ од 3.600.000 специјални права на влечење (СДР), еквивалент на 5 милиони американски долари, наменет за финансирање на Проектот за санација на образованието.

## Член 2

Условите и начинот на користење на кредитот од член 1 на овој закон се утврдуваат со договор по Проектот за санација на образованието што ќе се склучи меѓу Република Македонија и Меѓународното здружение за развој.

## Член 3

Рокот за отплата на кредитот од член 1 на овој закон е 35 години со грејс период од десет години.

Кредитот ќе се отплатува во еднакви полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 1 февруари и 1 август секоја година, почнувајќи од 1 февруари 2008 година, а завршувајќи на 1 август 2032 година.

На неповлечените средства од кредитот се плаќа провизија по стапка што ја пропишува Меѓународното здружение за развој на 30 јуни секоја година, но не поголема од 0,50% годишно. Провизијата се пресметува 60 дена од денот на влегувањето во сила на Договорот за кредит до денот на повлекување на средствата.

На повлечените средства од главнината на кредитот што пристигнува за плаќање се плаќа провизија за услуги по стапка од 3/4 од 1% (0,75%), годишно.

Провизијата од ставовите 2 и 3 на овој член се плаќа полугодишно и тоа на 1 февруари и 1 август секоја година.

## Член 4

Република Македонија кредитот од член 1 на овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

## Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.